АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

---

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18 и 27/19), се доставува:

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 08.04.2019 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2047 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден, по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 20 март 2019 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 8 април 2019 година

5. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 64 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (употреба на јазикот во програмите на радиодифузерите)

6. **Претходно изречена мерка: /**

7. **Констатации од надзорот:**

Со вонредниот програмски надзор врз телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, емитуван на 20 март 2019 година, на државно ниво, **е констатирано прекршување на член 64 став 1 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (радиодифузерите се должни да ја емитуваат програмата на македонски јазик и кирилско писмо, а во случаите кога програмата е наменета за заедница која не е во мнозинство, на јазикот и писмото на таа заедница).

Со надзорот е констатирано дека на 20 март 2019 година, на телевизискиот програмски сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, во рамки на емисијата/програмскиот блок „Отворено студио 1“ е емитуван разговор (интервју) со претседателот на Либерално-демократската партија од Србија, Чедомир Јовановиќ, при што говорот на гостинот е емитуван изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик.

**20.03.2019 г.**

| Наслов | Период на емитување | | Опис |
|---|---|---|---|
| | Почеток | Крај | |
| **Отворено студио 1 (прв дел од разговорот)** | 19:25:08 | 19:33:42 | Емитуван е разговор (интервју) со претседателот на Либерално-демократската партија од Србија, Чедомир Јовановиќ, при што говорот на гостинот е емитуван изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик. |
| **Отворено студио 1 (втор дел од разговорот)** | 19:37:43 | 19:55:33 | |

## 8. Опис на прекршувањето:

**Спротивно на член 64 став 1 од Законот** за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје, на 20 март 2019 година, во рамки на емисијата/програмскиот блок „Отворено студио 1“ е емитуван разговор (интервју) со претседателот на Либерално-демократската партија од Србија, Чедомир Јовановиќ, при што говорот на гостинот е емитуван изворно на српски јазик, без превод на македонски јазик.

## 9. Предлог мерка:

- Советот на Агенцијата да донесе решение за изрекување мерка јавна опомена на Трговското радиодифузно друштво 1 ТВ ДООЕЛ Скопје и во согласност со точката 5 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 15 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите на членот 64 став 1 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот (радиодифузерот), постапил по изречената мерка јавна опомена (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на Советот на Агенцијата.

***Сектор за програмски работи***